# ПРИЛОЗИ

*Ал. Апостолов*

## ПРИЛИКИТЕ ВО РУСИЈА НЕПОСРЕДНО ПРЕД ОКТОМВРИСКАТА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕВОЛУЦИЈА

**(Прилози од српската дипломатска кореспонденција за 1917 г.)**

ВО ТЕКОТ на Првата светска војна бројот на персоналот во Српското кралско пратеништво во Петроград (Русија) се зголеми. Во 1917 година како чиновник во него се наоѓаше и Милан М. Ненадиќ, којшто пред Првата светска војна, неколку години, беше во Српското кралско пратеништво во Софија. Уште од тоа време, а во отсуство на Света Симиќ, пратеник на Кралството Србија во Софија, Милан М. Ненадиќ му испраќаше редовно извештаи на Јован М. Јовановиќ — „Пижон", началник при Министерството на надворешни работи на Србија во Белград. Во 1917 година, кога „Пижон" се наоѓаше на должноста пратеник на Кралството Србија во Лондон, Ненадиќ му испраќаше извештаи од Петроград, информирајќи го за работата на Српското пратеништво во Петроград и за положбата во Русија воопшто. Од многубројните писма што се чуваат во Архивот на Југославија, Белград — Фонд Јован Јовановиќ—„Пижон", кутија 38, ги одбравме овие три за кои сметаме дека ќе бидат мал прилог за приликите во Русија непосредно пред Октомвриската социјалистичка револуција.

Со мали исклучоци на произволна оценка на некои појави и промени во тогашна Русија, М. Ненадиќ, во приложените писма, верно ги изнесува приликите во тогашна Русија. Од изнесеното во писмата може да се заклучи дека тогашното руско општество се наоѓало во надвечерието на судбоносни настани за земјата, како и за целиот свет, како што отпосле покажаа настаните со Големата Октомвриска социјалистичка револуција.

Како чиновник на Кралството Србија, припадник на буржоаската администрација и приврзаник на буржоаско-монархиски државен поредок, Ненадиќ низ таа призма ги посматрал и оценувал настаните во Русија во оној преоден период на двовластие — меѓу Февруарската буржоаска и Октомвриската социјалистичка револуција. Ненадиќ дава сосема точна и реална оценка за гнилоста на горните слоеви од тогашното руско општество, кои со своите противнародни акти и непромислени постапки на рускиот фронт ги предизвикуваа работниците и

селаните против себе, а во исто време беа готови да ја предадат татковината во рацете на туѓинци за да ги задават револуционерните движења, а да ги зачуваат своите класни интереси.

Оригиналите на писмата напишани се на српски јазик, а овде ги предаваме во превод на македонски јазик.

Заради штедење простор, некои сосема неважни делови од писмата ги изоставивме.

ПРИЛОЗИ

Писмо бр. 1 Петроград, 5. јуни 1917 г.

Почитуван господине Јовановиќ,[1])

Ги примив последните две писма. Писмото за тестот на г(осподин) Милан го испратив во Павловград, а второто негово писмо за Вас Ви го испраќам откога се уреди работата. Г(осподин) Смилјаников ми испрати пред 15 дена 3.000 рубљи со молба 1500 рубљи да му испратам веднаш на г(осподин) Милан, а останатите 1500 да ги задржам до натамошна негова, на г(осподин) Смилјаников, заповед. Секако ќе ми заповеда и овие 1500 рубљи да ги испратам во овој месец.

Бидејќи Господин Кумануди[2]) беше овде повеќе од еден месец во времето на оваа револуционерна положба[3]) секако дека Ви раскажал за сé и заради тоа не Ви ни пишав за тоа.

Деновиве како да се смирува положбата на раздразнетите и грабливите духови. Откако Привремената влада (на Керенски — А. А.) успеа да задобие некои делови од руската војска на фронтот, како и некои гарнизони (воени — А. А.) во внатрешноста, ќе отпочне, како што денеска слушнав, да издава построги заповеди за заведување ред. Се подготвува посилна контрола над крајните социјалисти — Лениновци, а се верува дека и груба сила ќе се примени ако се спротивстават. На некое настапување од страна на Русите (на фронт — А. А.) во блиска иднина не треба да се очекува. Со сите сили сега се работи на тоа да се поврати довербата на војниците спрема офицерите, којашто беше предизвикана со непромислени постапки на некои членови од денешната влада во почетокот на револуцијата. Работите, без сомнение, ќе тргнат на подобро, но треба да се има трпение, зашто и во редовни прилики на Русите им треба многу време за најобикновени работи. Владата е на пат да го потчини влијанието на „Работшчих и солдатских" (во наводн. — А. А.) депутати и кога тоа ќе го постигне сето друго ќе и оди полесно.

Никој не очекуваше дека превратот[4]) ќе дојде вака наеднаш, и заради тоа ги затече овие луѓе неподготвени, а елементите што превратот го извршија, многу се незгодни за работа и ред по револуцијата, од којашто сакаат и настојуваат само тие да извлечат корист. Непросветеноста на масите и отсуство на секаков патриотизам кај поинтелегентната класа го забавува секој побрз развиток во новата положба. За тоа најдобро сведочат општинските реонски, избори, коишто се одржаа пред 10 дена, и на кои, социјалистите насекаде, со мал исклучок на кадетите[5]), однесоа победа.

---

[1]) Јован М. Јовановиќ—„Пижон", (1869—1938), политичар и писател, бил министер на надворешни работи на Кралството Србија, пратеник на Србија во Виена и Лондон, лидер на Земјоделската партија во предвоена Југославија.

[2]) Коста Кумануди, (1874) правник, проф. на универзитет и политичар. Во предвоена Југославија, до 1929 г. припаѓал на Демократската партија и бил министер.

[3]) Меѓу Февруарската буржоаска револуција и Октомвриската социјалистичка револуција 1917 година.

[4]) Се мисли на Февруарската револуција од 1917 година, која беше изведена од работниците, а искористена од буржоазијата и буржоазираните спахии на чело со Керенски.

[5]) Либерално-буржоаската партија во царска Русија, создадена во 1905 година. Таа беше за водење на Првата империјалистичка светска војна до победоносен крај. По Октомвриската социјалистичка револуција заземаше реакционерен став и се обидуваше да изврши преврат.

Ако одстрана не се влијае, засега, изгледа дека нема ништо да биде од Републиката.[6]) Во Москва и во посилните центри се чувствува сé посилно движење на монархистите, а во сето тоа се (замешани — А. А.) великопоседници, фабриканти и високата аристокрација и сите тие располагаат со пари. Русија не е индустријска земја и сосем е мал бројот на социјалистите, додека во селата ги нема скоро никаде. . .

Наскоро пак ќе В[illegible] известам за настаните овдека, за да продолжам за она што се случи по заминувањето на Г-н Кумануди.

Ве молам, со госпоѓата Јовановиќка, да ги примите моите најсрдечни поздрави и чувства на трајна почит; Ве молам многу да ги поздравите децата.

М(илан) Ненадиќ

Писмо бр. 2 Петроград, 12. VIII. 1917 г.

Почитуван Господине Јовановиќ,

Господинот Драгољуб Илиќ, предавач, вчера ми предаде две Ваши писма. Во едното, освен писмо за мене, имаше уште две: за госпоѓата Навиков и господинот П. П. Шиловски, на кој денеска им ги предадов лично. *Писмо за кнезот Трубецкој не сум примил* (подвлечено во писмото). Во второто писмо се наоѓаше еден акт, писмо за М. Иваниќ и два наши експедициони листа.

Денеска е прв ден од состанокот во Москва. Сега, пред овој состанок, се зборува многу и сенешто. Сите очекуваат нешто што треба да ја спаси Русија од овој внатрешен хаос и да ја поврати дисциплината на фронтот. Повидните луѓе коишто навикнале на ред и коишто болно ги докоснува ваквата положба на општа растроеност, сметаат дека би било најдобро да го постават на престолот Михаил Александровиќ, братот на бившиот цар Никола и со тоа со демократската конституција да се поврати редот. Многумина од овие (луѓе — А. А.) на мислење се дека секоја друга мерка не ќе може да ја стивне положбата и да го поврати редот. И навистина, овој народ навикнал на господар (мисли во овој случај на цар — А. А.), а лесно е таков да се истакне, бидејќи револуционерите се премногу компромитирани, а за република денеска никој веќе не зборува.

Сега и најмалото дете знае дека Англичаните туркаа кон револуција[7]). Па и самиот г. Баканан[8]) повеќепати, во првите денови на револуцијата, зборуваше дека зел активно учество во неа. Да знаел дека работите ќе се свршат во корист на Германија, сигурно не би се истакнал до таа мерка. Врз Англија и врз него во два-три наврати имаше доста напади, а на седницата на Советот на работничките и солдатски[9]) депутати, што онојпат се одржа, паднаа најужасни навреди врз Англија, нарочно во таква форма, па владата беше принудена да донесе еден вид закон и да ги земе во заштита сојузниците и нивните владетели од евентуални напади. Казните се доста строги.

Освестените Руси чувствуваат дека во Петроград, се судрија две странски влијанија, и сега настојуваат со сите сили да се ослободат од нив. Англичаните се надеваат дека работите ќе доведат до република, додека Германците, откога увидоа дека работата преку „емигрантите" и „бољшевиците" не им успеа, сега прибираат сили да

---

[6]) По изведувањето на Февруарската револуција во Русија беше симнат од престолот рускиот цар Николај II Романов и отфрлена монархијата како форма на државен поредок. Англија и Франција, како и некои буржоаско-либерални сили во Русија, се носеа со мисла да воведат буржоаска република во Русија. Октомвриската револуција ја спречи оваа намера.

[7]) Во подготвување на дворскиот преврат (симнувањето на царот) учествувале претставници на Англија и Франција, бидејќи царот Николај скришум водеше германофилска политика, сојузниците на Русија се плашеа овој да не склучи сепаратен мир со Германија.

[8]) Англиски дипломат.

[9]) Точно така стои во писмото.

го заземат Петроград и на тој начин сосема да го компромитираат создавањето на република и да ја помогнат својата стара партија да ја земе власта во свои раце. Ако сега во Москва не се преземат енергични мерки и ако не се напушти идејата за република, којашто ја доведува Русија до распарченост на многу некакви автономни и независни покраини, работите така лошо ќе се развиваат што Русија не ќе биде повеќе опасна дури ни за Финска.

Караниците меѓу луѓето кои денеска ја управуваат Русија постојано растат; врховните команданти се сменуваат без посериозен повод; на војската како целина не може со сигурност да се смета; од распашеноста (што владее — А. А.) меѓу Советот на работничките и „солдатски" депутати повеќе не може да се управува; на Думата[10]) не и се дава можност таа да земе учество во поправањето на распуштеноста; на железницата општ неред; безбожна експлоатација во сите насоки; јавната и имотската безбедност тукуречи не постои; по сред бел ден се случуваат кражби и убиства; реколтата оваа година потфрли, а огромни пространства останаа необработени, и уште многу и многу други работи коишто отворено се закануваат Русија да ја доведат во пропаст, а за финансиите просто не смее ни да се зборува.

Вчера одекна веста дека Владата ќе го пренесе за постојано своето седиште во Москва бидејќи, до многу причини, овде и е невозможно да работи.

Со посилните индустриски претпријатија, освен државните такви, почнаа преговорите за евакуација од Петроград, а многу голем број фабрички заводи во внатрешноста престанаа да работат.

Секако дека ќе дознаете за сé што ќе стане во Москва и пред пристигањето на ова мое писмо.

И овој пат, Ве молам, почитуван господине Јовановиќ, со госпоѓата да примите изрази на мојата длабока почит.

М(илан) Ненадиќ

Писмо бр. 3 Петроград, 1. IX. 1917 г

Почитуван господине Јовановиќ,

Обидот на генералот Корнилов да ја земе сета власт во своите раце, отпрвин, се чинеше дека наполно ќе успее, зашто не можеше ни да се замисли дека не се со него сите оние коишто беа на московскиот состанок. Целиот свет беше уверен дека тој води војска која има да го покори Петроград и да ја симне Привремената влада и дека со тоа се согласни сите генерали и сите партии освен социјалистичките, и дека заговорот е добро подготвен.

За жал, денеска се гледа дека сето тоа било несеризоно. Кадетите и Октомвристите[11]) се покажаа многу поголеми страшливци отколку во првите денови на Револуцијата, и сомневајќи се во успехот на обидот останаа настрана, а некои нивни лидери говореа дека тој чекор е непромислен. Такво беше држењето и на генералот Алексиев[12]) и на другите коишто Керенски ги симнуваше од високите положаи од свои лични причини.

Патриотскиот чекор на Корнилов беше поздравен и од целокупното руско просветено општество, коешто, за жал, плашејќи се за својот живот, не се осмели активно да припомогне Русија да се спаси од нечистите раце коишто ја привлекоа до себе грчевито. Ниту еден политички човек не сакаше да ризикува, во овие денови на спасувањето на својата татковина да биде затворен заради својата патриотска дејност, туку гледаше да не се замери ниту на едната, ниту на другата страна, не знаејќи сигурно каде ќе биде победата. Заради ваквото свое држење во времето на Револуци-

---

10) Народно собрание во Русија.

11) Под притисок на општиот сериски штрајк на 11 октомври 1905 г. царот бил принуден да издаде манифест на 17 октомври истата година со кој ветил дека ќе свика државна дума и ќе даде демократски слободи. Буржоазијата што го подржувала овој манифест се викале „Октомвристи".

12) Началник на генералштабот на руската царска војска.

јата и Думата ја изгуби својата власт, којашто единствено во нејзините раце требаше да остане по паѓањето на царот Никола. Денеска власта ја имаат екстремните елементи, без никаква способност за управување земјата и тешко ќе се најде такво движење што ќе може власта да им ја преземе.

Војската, којашто генералот Корнилов ја поведе на Петроград велат дека била сета со него и со неговите приврзаници офицери, но она што се случи потоа беше повторно изненадување. Штом неговите воени единици се состанаа со единиците на Владата коишто беа истурени пред Петроград, отпочнало *збратимување* (подвл. М. Н.) Тешко на оној кој денеска се надева на руската војска. Руската војска не горанеше царот Никола, не ја бранеше, не ја брани и нема да ја брани татковината, не беше и нема ни да биде ни со Корнилов, ниту со било која друга влада. Таа вака ќе се збратимува и со циганите само да си ги запази животите и да постигне мир па макар каков и да е. Жалосно е дека сојузниците не беа енергични спрема револуционерната влада, туку спокојно гледаа како во Русија се работеше сé и до крајни граници само да се дезорганизира војската и да се онеспособи за натамошна борба. Во Русија нема луѓе што не се плашат од своите потфати, од затвор и од пранги. Таков е засега само Коренски. Тој е единствениот којшто го познава рускиот народ, политичарите, офицерите и оваа гнила аристокрација.

Г.(осподин) Спалајковиќ[13]) и објасни на нашата влада како божем ова не е опит на Корнилова против владата, туку против „болшевиците" (подвл. М. Н.) коишто сакале да прават безредија во Петроград на 27 август, а кога тоа не се случи, работата стивна и недоразбирањата се отстранија. На него (на Спалајковиќ) ни најмалку не влијаеја ни тужбите на Корнилов против Владата, кои што ги упати до рускиот народ во својот проглас, ниту тужбите на Владата против Корнилова, која што, од своја страна, ги упати до народот и војската во кои го наречува предавник на татковината и на револуцијата.

Како резултат на овој неуспешен обид на Корнилов, ќе настане, многу лесно, анархија; финансиски банкрот; посилен притисок на Германците на рускиот фронт којшто е наполно несигурен, како и раздвижување на „болшевиците", чијашто партија, за несреќа, секој ден расне со неверојатна брзина да ја земе власта во свои раце и да склучи мир со Германците.

Ве молам, со госпоѓата, примете изрази на мојата длабока почит.

М(илан) Ненадиќ

*В. Кушевски*

## ОБИДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ДРУШТВОТО НА НАРОДИТЕ ВО 1920 И 1921 ГОДИНА

И покрај тоа што по Првата светска војна значаен дел од поробените народи се ослободија од туѓа доминација и се здобија со независност и државност, особено оние од Средна Европа, кои беа во составот на некогашната Црно-жолта монархија, сепак и по мирот во Версај во 1919 година, како резултат на новите разграничувања, дел од народите и натаму останаа во зависна положба или како малцинства. Ветувањата дека со новиот мир светот ќе се засновува врз принципот на народноста не се остварија доследно. Водечките сили — победнички не сакаа и не можеа да одат до крај во неговото спроведување што јасно се согледува и во фактот што делегациите на САД и Велика Британија, на Мировната конференција во Париз, не се согласија еднаквоста на

[13]) Пратеник на Кралството Србија во Петроград во тоа време.